**АМБАСАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО СОФИЈА**

**EMBASSY OF THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA IN SOFIA**

Почитуван проф.д-р Димитар Буланов,

Дозволете ми накратко да Ве поздравам Вас и Вашиот реномиран Медицински Универзитет и Медицински Факултет и заблагодарам на поканата да присуствувам на свечената церемонија на почетокот на дипломирањето на Випуск 2020. За жал, поради претходно преземни обврски во рамките на Дипломатскиот кор не сум во можност да присуствувам на Вашата свеченост.

Према информациите на Амбасадата, повеќемина македонски студенти го имаат завршено Медицинскиот факултет и специјализирано на Медицинсклиот Универзитет во Софија. Тоа се веќе афирмирани лекари, кои заедно со колегите од Бугарија, своето стекното високо образование и знаење во здравствената заштита го применуваат токму сега во првите редови во борбата со епидемијата, и во Република Бугарија и во Република Северна Македонија.

Очекуваме билатералната соработка помеѓу нашите две пријателски и соседни држави набрзо да се интензивира и конкретизира, особено во областа на образованието. Набрзо ќе се усогласи Програмата за соработка во образованието и науката од 2021 до 2024 година, со што ќе се зголемат можностите за соработката на македонските и бугарските Универзитетите и другите научно - образовни институции.

Честитки за лекарите д-р Даниела Савеска и д-р Кристина Костадинова, како и другите нивни колешки и колеги, со желби за нивна понатамошна успешна професионална работа, исклучително важна за нашите граѓани и општества.

Со почит,

Владимир Крстевски, в.д. амбасадор

АМБАСАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА EMBASSY OF THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA SOFIA СОФИЈА